## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## Од Првото продолжение на Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јули 1999 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, навистина сме блиску до кворумот, присутни се 63 пратеници.

Ве молам, ако сакаме ефикасно да работиме пратениците да останат во салата, затоа што ќе имаме гласање и оној момент кога ќе ја немам бројката од 61 присутен пратеник при гласањето, јас ќе морам да ја прекинам седницата, така е деловнички.

Според тоа, бидејќи таа бројка во овој момент ја имам, јас го отворам продолжението по Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Радмила Шеќеринска, Благој Ханџиски, Стојан Ковачевски, Димитар Бузлевски, Бранко Црвенковски, Илија Илоски, Љубомир Попоски и Нано Ружин ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спортот, со Предлог на закон.

Бидејќи на минатата седница го заклучивме претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спортот.

Ве молам, да гласаме?

Жалам, меѓутоа 59 пратеници гласаа.

Присутни се 64 пратеници, а 59 гласаа.

Тоа е прашање на однесувањето и на опозицијата.

Опозицијата може и да не гласа, како да не е присутна.

Значи не можам да го сметам тој број.

Јас можам да сметам од тоа што гласале како присутни.

Овде имам 59 пратеници кои што гласале. 64 пратеници се присутни со картици.

Пратеникот Александар Флоровски има процедурална забелешка.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас би го предложил следното, бидејќи се сомневаме во бројот на присутните, да се пријде кон поединечно гласање, да видиме кој гласал, кој не гласал.

Мислам дека, во моментов е најумесен предлог.

Поединечно да се гласа, имам поддршка од 10 пратеници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тргаш ќе одиме на поединечно гласаше.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ - ЧУКАЛИЕВА:**

(Го чита списокот на пратеници). (Прилог).

**С П И С О К**

на пратеници во Собранието на Република Македонија, според азбучен ред на презимиња

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ЈОНУЗ АБДУЛАИ | отсутен |
| 2. | АБДУРАХМАН АЛИТИ | за |
| 3. | АБДУЛА АЛИУ | отсутен |
| 4. | МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ | за |
| 5. | СТОЈАН АНДОВ | отсутен |
| 6. | КИРИЛ АНДОНОВСКИ | за |
| 7. | ЉУПЧО АНУШЕВ | за |
| 8. | АМДИ БАЈРАМ | отсутен |
| 9. | ФАДИЛ БАЈРАМИ | отсутен |
| 10. | ДИМИТАР БАТКОСКИ | за |
| 11. | МЕРСЕЛБИЉАЛИ | за |
| 12. | ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА | за |
| 13. | ЈОРДАНБОШКОВ | отсутен |
| 14. | ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ | отсутен |
| 15. | АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ | отсутен |
| 16. | СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ | за |
| 17. | ВАСИЛ ГАЏОВСКИ | за |
| 18. | МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 19. | ТРАЈКО ГЕШОСКИ | за |
| 20. | АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | отсутен |
| 21. | ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ | за |
| 22. | ПЕТАР ГОШЕВ | отсутен |

23. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ отсутен
24. ЗАМИР ДИКА отсутен
25. ВАНЧО ЃОРГИЕВ отсутен
26. ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ отсутен
27. ФАТМИР ЕТЕМИ отсутен
28. ВАСИЛ ЕФТИМОВ за
29. НАСЕР ЗИБЕРИ отсутен
30. ЉУБИСАВ ИВАНОВ – ЅИНГО отсутен
31. МИРКО ИВАНОВ воздржан
32. ИЛИЈА ИЛОСКИ отсутен
33. НИКОЛА ЈОВАНОВ отсутен
34. ВЕСНА ЈОВАНОВСКА за
35. МАРИКА ЈОРДАНОВА за
36. НАЗМИ КАДРИУ отсутен
37. РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ за
38. ЖАРКО КАРАЏОСКИ за
39. МИТКО КИРОВ отсутен
40. ЛАЗАР КИТАНОСКИ воздржан
41. САВО КЛИМОВСКИ за
42. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ (не го прочита)
43. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ за
44. ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ за
45. ИЛИЈА ЛАЗАРОВ за
46. ГОРАНЧО ЛАЗОВ за
47. АЛИРИЗА ЛОГА отсутен
48. БИЛАЛ ЉУТФИИ отсутен
49. ВАСЕ МАНЧЕВ за
50. НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ – ДИМОВА за
51. ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА за
52. ДИСПИНА МАРКОВСКА за
53. ЗВОНКО МИРЧЕСКИ за
54. ДРАГАН МИТЕВСКИ отсутен
55. ИЛИНКА МИТРЕВА отсутна
56. КИРИЛ НАСТЕСКИ отсутен
57. РУБЕНС НАУМОВСКИ за
58. ГОРАН НЕВЕНОВСКИ за
59. ЛАТИФ ПАЈКОСКИ за
60. АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ за
61. ВАНЧО ПАНЧЕВ за
62. ЉУБЕН ПАУНОСКИ за
63. ИЛИЈА ПЕМОВ за
64. ТИТО ПЕТКОВСКИ воздржан
65. ЧЕДО ПЕТРОВ за
66. ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ за
67. ФИЛИП ПЕТРОВСКИ за
68. АЗИС ПОЛОЖАНИ отсутен
69. СТОЈАН ПОПОВ отсутен
70. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ отсутен
71. НИКОЛА ПОПОВСКИ воздржан
72. ИЛИЈА ПРАНГОСКИ за
73. ИСМЕТ РАМАДАНИ отсутен
74. ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ за
75. НЕНАД РИСТОВСКИ отсутен
76. НАНО РУЖИН отсутен
77. ИЛЈАС САБРИУ за
78. АЦЕ САЈКОСКИ за
79. АСЛАН СЕЛМАНИ за
80. БОРЧЕ СИБИНОВСКИ за
81. ВАНГЕЛ СИМЕВ отсутен
82. РИСТО СПАНАКОВ за
83. КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ за
84. ЃОРЃИ СПАСОВ воздржан
85. МИЛАН СТАВРЕВ за
86. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ отсутен
87. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ за
88. ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ за
89. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ воздржан
90. ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ отсутен
91. ВЛАДО СУГАРЕВСКИ за
92. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ отсутен
93. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ за
94. МУХАМЕД ТАИРИ отсутен
95. АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ за
96. МЕВЉАН ТАХИРИ за
97. МИТКО ТИЛЕВСКИ отсутен
98. ЃОРЃИ ТОДОРОВ за
99. РИСТО ТОДОРОВ воздржан
100. ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ за
101. ПАНДЕ ТОМОВ за
102. КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ отсутен
103. ГОРАНЧО ТРАЈКОВ за
104. ТАНАС ТРАЈКОВСКИ отсутен
105. АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ за
106. БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ отсутен
107. СЛОБОДАН ЌОСЕВ отсутен
108. ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ отсутен
109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ за
110. ИЛЈАЗ ХАЛИМИ отсутен
111. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ отсутен
112. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ отсутен
113. КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА отсутен
114. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ отсутен
115. МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ за
116. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ отсутен
117. АРБЕН ЏАФЕРИ отсутен
118. ХИСНИ ШАЌИРИ отсутен

119. АЛИЈА ШАХИЌ за
120. РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА отсутен

Во меѓувреме дојде пратеникот Стојан Андов и гласаше за.

Исто така дојде и пратеникот Амди Бајрам, кој гласаше за.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, од поединечното гласање произлегува дека 62 пратеници гласаа за, 7 се воздржани, против нема.

Според тоа констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме.

Од 68 пратеници 60 се за, 7 се воздржани и 1 е против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за екологија, млади и спорт поднесе амандман за додавање нов член 18-а, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 3, член 8 став 1, член 23, во новиот член 29-д став 3 , член 29 , член 31, во новиот член 43 за додавање нов член 31-а, на член 33, член 34 за бришење на став 2, за менување на став 3 и за додавање нов став 4 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 62 пратеници гласале 55 за, 4 воздржани и 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за откуп на побарувањата на правните лица од Република Македонија од Ирак и Кувајт, од страна на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за откуп на побарувањата на правните лица од Република Македонија од Ирак и Кувајт, од страна на Република Македонија.

Ве молам, да гласаме.

Од 67 пратеници, 65 гласаа за, 2 се воздржани и немаме против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме.

65 пратеници гласаа за, воздржани и против немаме.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (Продолжение)

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставан на гласање.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за. Против нема. Еден беше воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за откуп на побарувањата на правните лица од Република Македонија од Ирак и Кувајт, од страна на Република Македонија.

Процедурално за збор се јави заменикот министер за стопанство господинот Ламбе Арнаудов.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, во името на стопанските субјекти за кои се однесува овој закон и во името на Министерството за стопанство, сакам да искажам една голема благодарност за вашата висока совест и професионалност што го донесовте овој закон.

Практично, од веќе започнатиот одмор дојдов и мислам дека е тоа добро. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодариме на извршната власт што ни изразува благодарност, што е и наша должност ова да го работиме.

Минуваме на точка девет - Предлог за донесување на Закон за ратификација на конвенцијата за укинување на присилна работа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за укинување на присилна работа.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа за. Против нема. Воздржан е еден пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа за. Против нема. Воздржан е еден пратеник.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Дали има претставник на Владата? (Нема).

Ако немаме претставник на Владата, оваа точка ја симнувам од дневен ред.

Кога ќе биде присутен претставникот на Владата ќе расправаме по неа.

Минуваме на точка десет - Предлог за донесување на Закон за ратификација на амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанците што ја оштетуваат озонската обвивка, усвоен во Монтреал од 15 до 18 септември 1997 година, со Предлог на закон.

Молам, дали има претставник на Владата и по овој Предлог на закон. (Има).

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и Извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанците што ја оштетуваат озонската обвивка усвоени во Монтреал од 15-17 септември 1997 година.

Ве молам, да гласаме.

65 пратеници гласаа за. Против нема. Еден е воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме.

62 пратеници гласаа за. Против нема. Воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот, член 1 и за менување на член 2.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, се прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно -правната комисија и со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

И овој амандман се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, се прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

Исто и овој амандман се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за. Против нема. Воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанците што ја оштетуваат озонската обвивка, усвоен на деветтиот состанок на земјите членки во Монтреал од 15-17 септември 1997 година.

Минуваме на точка 11 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај, меѓу Владата на Република Македонија и Владата на државата Израел, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај, меѓу Владата на Република Македонија и Владата на државата Израел.

Ве молам, да гласаме.

64 пратеници гласаа за. Против нема. Воздржани нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме.

68 пратеници гласаа за. Против нема. Воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Би сакал по Предлогот на законот да укажам на нешто, што мислам дека за овој закон и за сличните спогодби, кои Владата ги

потпишува во изминатите 7, 8 години, според паметењето ние вакви спогодби веќе потпишуваме и ратификуваме сигурно со 40-тина или 40-тина држави, со сите со кои воспоставуваме дипломатски односи.

По некаква инерција, наспроти фактот дека Република Македонија во двата правци одржуваме редовен воздушен сообраќај само со неколку држави на Европскиот континент и тоа се бројат на една, евентуално на двете раце ќе се избројат, што значи дека треба да сугерираме до Владата да почне да размислува дали е потребно да се троши толку енергија, толку работа, за потпишување на спогодби со држави со кои, најверојатно, заради немањето на економска издржаност, никогаш нема ниедна авио компанија, ни од нивна, ни од наша страна, да воспоставува редовни воздушни линии.

Така што, сметам дека Владата треба да почне да размислува да капацитетот за нудењето на Ваквите спогодби во Собранието и потпишувањето, кои буквално после не се реализираат. Без никаква друга забелешка мислам дека Собранието, без никакви ефекти ги ратификува сите овие спогодби веќе 2-3 години наназад. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека е добро да се ратификуваат, но добро е исто така и да размислува Владата евентуално за некој државен авио превозник или друго решение да се најде, за да може Министерството за сообраќај и врски да ги реализира овие закони.

Инаку, се сложувам, дека тие се без ефект ако немаме можност да ги реализираме. Но, нека стојат, нека имаме правна рамка и тоа нека биде поттик за да може да се најде начин за реализација.

Добро, како сугестија е во ред и мислам дека таа е добра.

Дали некој друг бара збор по општиот претрес? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес, и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор по текстот на Предлогот на законот? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласа за. Против нема. Воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај, меѓу Владата на Република Македонија и Владата на државата Израел.

Минуваме на точка 12 - Предлог за донесување на Закон за Јавното обвинителство.

Дали има претставник од Министерството или од предлагачите? (Нема).

Значи, Владата и во овој случај не не удостои со свој претставник.

Според тоа, и оваа точка ја одлагаме за тогаш кога ќе има претставник, бидејќи имаме и амандмани и треба да се даде образложение и т.н.

Минуваме на точка 13 - Предлог на Одлука за давање согласност на тарифата на Државниот завод за ревизија.

Предлогот на Одлуката, тарифата и Мислењето на Владата, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави г. пратеник Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, за да нема забуна зборувам во својство на претседател на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија, би сакал да укажам на следното.

Собранието на Република Македонија согласно Законот за државна ревизија не расправа по Одлуката, по тарифата на Државниот завод за ревизија, туку само дава и не дава согласност на тарифата. Во овој момент имаме неколку проблеми, заради кои предлагам точката од дневен ред да се симне, не за наредната, но за некоја од наредните седници, од следните причини.

Прво, имаме Мислење од Владата кое е доставено и кое од консултациите во својство на претседател на Комисијата направив консултации со претставник на Државниот завод за ревизија, се на мислење дека забелешките треба да се прифатат. Меѓутоа, Владата ги нема подносено во вид на амандмани, ги има поднесено во вид на мислења. А, и доколку ги има поднесено во вид на амандмани, ние не можеме да расправаме по амандмани, затоа што по оваа точка нема предлагач овластен, туку ние само даваме согласност. Тоа значи дека се упатува на процедурата тарифата да се врати во

Државниот завод за ревизија да ја усогласат со мислењата на Владата и откако ќе добиеме позитивно мислење на Владата врз таа основа да дадеме согласност. Поинаку ќе треба, односно сме во процедура да дадеме согласност или да не дадеме согласност. Мислењето на Владата за заводот и прифатливо и сметам дека не би било пријатно Собранието да ја донесе Одлуката ви за ви Мислењето на Владата, со кое се согласува Државниот завод за ревизија, ниту пак е пријатно формално да не ја донесе, заради тоа што нема суштински проблем.

Од друга страна во Државниот завод за ревизија има проблеми од друг карактер. Предлагач треба да е Државниот ревизор на Република Македонија, кој ова Собрание го разреши, а не именува се уште нов, кој треба да ја предложи Одлуката. Значи, има еден сплет на околности во кои ние не би требало да се доведеме во ситуација воопшто да се изјаснуваме било како, заради дигнитетот и на Заводот и на Владата.

Од тие причини предлагам точката да ја симнеме од дневен ред, со заклучок на Собранието, Државниот завод за ревизија да го усогласи тарифникот со Владата на Република Македонија и откако ќе се стекнат услови за позитивно мислење од Владата и за предлагач од страна на Државниот завод именувам, во тој случај да се врати тогаш кога ќе се стекнат условите повторно на Собрание.

Јас ќе Ве замолам, јас мислам да ја симнете оваа точка од дневен ред од овие причини и мислам дека нема потреба од гласање, затоа што сме во ваква процедура. Благодарам

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници. Мислам дека укажувањето на господинот Поповски Никола држи.

Ако сакаме законски да работиме овде имаме два не усогласени ставови, помеѓу Владата и Државниот завод и затоа би било добро да ја симнеме точката од дневен ред.

Но, исто така мораме со гласање да ја симнеме.

Кој е за да ја симнеме точката од дневен ред?

Вклучете го гласањето.

45 пратеници гласаа за симнување на точката од дневен ред.

Против гласаа 12 пратеници. Тројца се воздржани.

Според тоа, ја симнуваме оваа точка од дневен ред и нека се усогласи, па потоа нека дојде како што е предвидено.

Менуваме на точка 14 - Барање за давање на автентично толкување на член 5 од Законот за локалните избори, поднесено од Советот ка општината Неготино - Полошко.

Барањето и Извештајот од ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 5 од Законот за локалните избори, "Службен весник на РМ" број 46/96, поднесено од Советот на општина Неготино - Полошко не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Второ, овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија, да се достави до Советот на општина Неготино - Полошко.

Ве молам да гласаме по предложениот заклучок.

63 пратеници гласаа за. Против нема. Еден е воздржан.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 15 - Барање за давање на автентично толкување на член 47 точка 1 од Законот за персоналниот данок од доход, поднесен од претпријатието "Руди - Комерц" - Скопје.

Барањето и Извештајот на Законодавно - правната комисија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 47 точка 1 од Законот за персоналниот данок од доход "Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94,

70/94, 71/96 и 28/97, поднесено од претпријатиeто "Руди - Комерц" - Скопје, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

Второ, овој заклучок заедно со Извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија, да се достави до претпријатиeто "Руди - Комерц" - Скопје.

Ве молам, да гласаме за предложениот заклучок?

64 пратеници гласаа за. Против нема. Воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 16 - Барање за давање на автентично толкување на член 77 став 1 алинеја 3 од Законот за радиодифузната дејност, поднесена од Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (Продолжение)

Барањето на извештајот од ЗКП ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање автентично толкување на член 77 став 1 алинеја 3 од Законот за радиодифузна дејност, "Сл. весник на РМ" бр.29/97", поднесено од ЈП "Македонска радиодифузија" - Скопје, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во извештајот на ЗКП на Собранието на РМ.

Второ, овој заклучок, заедно со извештајот на ЗПК да се достави до Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Од 62 пратеници, 60 гласаа "за". Воздржани нема. 2 пратеника се "против".

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 17 - Барање за давање на автентично толкување на член 19 став 1 и член 62 став 4 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, поднесено од независниот синдикат АД "Алкалоид" – Скопје.

Барањето извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на РМ констатира дека барањето за давање на автентично толкување на член 19 став 1 и член 62 став 4 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, "Сл. весник на РМ" бр.38/93, 48/93 и 21/98", поднесени од Независниот синдикат АД "Алкалоид" - Скопје, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причини содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на РМ.

Второ, овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на РМ, да се достави до Независниот синдикат АД "Алкалоид" - Скопје.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве молам да гласате.

61 пратеник гласаа "за", воздржани нема, а 1 пратеник е против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 18 - Барање за давање на автентично толкување на член 2 од Законот за јавните претпријатија, поднесено од Советот на општина Кавадарци.

Барањето и извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на РМ констатира дека барањето за давање автентично толкување на член 2 од Законот за јавните претпријатија, "Сл. весник на РМ" бр.38/96, поднесено од Советот на општина Кавадарци не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

Второ, овој заклучок заедно со извештаите на ЗПК на Собранието на РМ да се достави до Советот на општина Кавадарци.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа "за". Воздржани

и против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 19 - Предлог за разрешување на судија поротник на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаа "за". 1 пратеник е "воздржан". 1 пратеник е "против".

Констатирам дека Рошовски Даниел е разрешен од функцијата судија - поротник на Основниот суд во Прилеп.

Минуваме на точката 20 - Предлог на Одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој ен бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

59 пратеници гласаа "за". Воздржани нема. 4 пратеници се "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување избор на членови на Советот за радиодифузија.

Минуваме на точката 21 - Предлог на Одлука за разрешување избор на членови на Советот на Народна банка на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

60 пратеници гласаа "за". 1 пратеник е "воздржан". 4 пратеника се "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и избор на членови на Советот на Народната банка на РМ.

Минуваме на точката 22 - Предлог на Одлука за основање пратеничка група на Собранието на РМ, за соработка со Европскиот Парламент и дописот на Комисијата за прашањата на избори и именуваа Ви е исто така поделен.

Отворам општ претрес. Молам, дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитувани колеги, почитуван претседателе, изборот на пратениците во оваа група од порано беше даден, сега има некои измени.

Јас би замолил, дојде до една техничка грешка во изборот, па би замолил за кратка пауза од 10 минути, да се исконсултираме во рамките на Пратеничката група на ДА.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Давам пауза од 10 минути. (Пауза од 12.30 часот).

(По паузата седницата продолжи во 13,10 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, можеме да продолжиме.

Преминуваме на 22-та точка - Предлог на Одлука за основање на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија, за соработка со Европскиот Парламент.

Предлогот на одлуката и Дописот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Го молам претседателот на Комисијата за избори и именувања на појасни дали е надминат спорот.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

За време на паузата Комисијата за избори и именувања изврши консултација со Пратеничката група на Демократската алтернатива и останува на предложената Одлука за групата за билатерална соработка со Европскиот Парламент, заедно со Дописот што е доставен до пратениците, во кој наместо името Ристо Спанаков, треба да стои името на пратеникот Илија Прангоски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор во врска со оваа одлука? (Никој).

Ако никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор во врска со текстот на Предлогот на одлуката? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор во врска со текстот, Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

62 пратеници гласале, од кои 59 пратеници гласале за, еден пратеник воздржан и двајца пратеници се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија, за соработка со Европскиот Парламент.

Преминуваме на 23-та точка - Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште "Негорски бањи" - Гевгелија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

60 пратеници гласале за, 1 пратеник е воздржан и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште "Негорски бањи" - Гевгелија.

Треба да преминеме на 24-та точка, а тоа е Извештај на Анкетната комисија.

Процедурално, има збор госпоѓицата Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, предлагам бидејќи веројатно можноста за обемна расправа по Извештајот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки, предлагам точката 25 за давање согласност на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија да оди пред точката 24.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници, имаме предлог оваа точка да ја поместиме за едно место понапред.

Процедурално, има збор пратеникот Борче Сибиновски.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Исто така, почитуван претседателе, барам точката на дневен ред што беше вчера отфрлена од дневниот ред, а тоа е Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со Предлог на закон, да биде по точката што ја предложи, ако Собранието прифати, госпоѓицата Божиновска и да биде 24 точка од причина што тука имаме претставник на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кој вчера навистина беше зафатен со некои работи и не беше во можност да присуствува тука на Собранието.

Затоа, барам оваа точка Собранието да ја стави на дневен ред, како точка 24 од дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

24-та точка беше предложено да биде Статутот.

Нормално дека ние ќе се вратиме на таа одложена точка, која беше по ред 7 или 8, ако се согласи Собранието да расправаме по неа и точка 25 би била Извештајот.

Ќе ве молам, да гласаме дали се согласуваме со таква измена во дневниот ред.

Гласале 62 пратеници, од кои 56 пратеници гласале за, воздржани нема, против гласале 6 пратеници.

Според тоа поминуваме сега на 24-та точка - Предлог на Одлука за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, би сакал да укажам на некои проблеми, кои постојат во врска со оваа точка.

Вие се сеќавате дека точката иницијално беше симната од дневниот ред, заради тоа што пратеници на Собранието треба да дадат согласност на Статутот на Јавното претпријатие, а пратениците го немаат добиено статутот на јавното претпријатие. После беше дополнително интервенирано да се врати на дневен ред, со намера во меѓувреме на пратениците да им се подели Статутот на ова јавно претпријатие, чиј основач сме ние и тоа е практично единственото јавно претпријатие кое ние сме го основале.

Не знаеме од кои причини се уште не ни е доставен Статутот и од тие причини сметаме дека всушност не постојат услови за да може да се изјасниме по него.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според Деловникот за работа на Собранието, Статутот го разгледува надлежната комисија и Законодавно - правната комисија и тие ни даваат согласност да го усвоиме, во нивните извештаи.

Токму и заради тоа и така е поставена работата во врска со Статутот на Македонската радио-телевизија.

Затоа така постапивме во овој конкретен случај.

Повелете, господине Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Видете претседателе, во државава има многу јавни институции, јавни уставни, јавни претпријатија, но од сите нив Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија е единственото кое е основано со акт на Собранието, за разлика од другите јавни претпријатија, кои според Законот ги основа Владата. Значи, Јавното претпријатие МРТВ е основано од Собранието на Република Македонија. Тоа го нема истиот статус како што го имаат јавните здравствени установи, јавните претпријатија од другите области, кои ги основа Владата со своја одлука, врз основа на Статут и закон.

Со оглед дека ние сме основачи, ние треба да дадеме согласност на Јавното претпријатие, која процедура ги наведува само во Собранието. Според тоа, не знам каква е логиката да дадеме согласност за статут, за кој ние немаме информација што содржи.

Според тоа, мислам дека навистина и претходниот заклучок од средата не се испочитува да се достави, за да можеме да расправаме по него. Сега се доведуваме во ситуација да дадеме согласност, тоа се вели народски на убави очи, на името на точката 25 од дневниот ред. Внатре можело да пишува било што.

Јас навистина сметам дека пред да ни се подели, а тоа беше заклучок, не ни се подели, не постојат услови.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор побара господинот пратеник Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Според законот за Македонската радио-телевизија, кој е донесен на 28 јануари 1998 година, се вели дека сите работни тела на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија треба за 60 дена да ги формира Управниот одбор и сите останати управни тела.

Откако ќе се формираат тие, во рок од 15 дена треба да се донесе Статутот. Значи, имало време, тоа е од 1998 година јануари месец, во рок од два месеци се избира Управниот одбор, а потоа во рок од 15 дена по конституирањето на Управниот одбор, се донесува Статутот на организацијата. Значи оваа организација работи година и половина без статут, а второ, во Деловникот децидно пишува дека статутот го донесе Собранието, тој е доставен до Собранието, до телата на Собранието, до Законодавно - правната комисија и Комисијата за сообраќај и врски, чиј претседател сум јас и таа е како матична комисија, го имаме кај сите членови на разгледување, а кој сака, како статут го има во Собранието, секој од пратениците може да го разгледа.

Значи, како материјал е доставен до Собранието, значи завршена е постапката и достапен е до секој пратеник кој има посебна желба да го погледа статутот. Преку комисиите е поминат и мислам дека е во согласност со Деловникот за работа и Законот за јавните претпријатија на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор побара господинот пратеник Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Јас сакам да укажам дека деловнички не е статутот да се дава на пратениците, можеби да се достави таму до службите и според Деловникот матичната комисија и Законодавно - правната комисија го разгледаа, односно ги разгледуваат статутите и поднесуваат извештај. Извештаите на Законодавно -правната комисија и на матичното тело ги разгледуваат пратеници во Собранието. Сметам дека ништо не е нарушено, односно не е спротивно на деловничките одредби.

Затоа, предлагам да ги видат извештаите на телата, односно на матичното тело и Законодавно - правната комисија. Од друга страна, ова е последна фаза, уште во нивниот мандат е гледан статутот и е постапено според нивните забелешки, само сега ние го потврдуваме она што тие го донеле.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Кирил Андоновски.

Збор побара господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Мислам дека непотребно се инсистира на нешто што е сосема јасно.

Само да потсетам, бидејќи за голема радост овде има и професори по уставно право пратеници во овој Парламент, според нашиот Устав одлуки, акти, закони донесува Собранието на Република Македонија. Комисиите разгледуваат, меѓутоа не донесуваат никакви акти.

Според тоа тие се работни тела кои само го подготвуваат мислењето и го доставуваат на Собранието. А за секој акт што е ставен на дневен ред сите пратеници мора да бидат запознаени по формален пат, т.е. да им биде доставен на време за да можат да го проучат, бидејќи е можно, а тоа се случувало, Собранието да не се согласи со ставовите и мислењето на комисиите и другите работни тела.

Ве молам, ќе направиме сериозен прекршок во процедурата, ако воопшто го ставиме на дневен ред статутот, без да го имаат пратениците проучено текстот на тој статут.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Колку да се знае од Уставното право, да ви кажам една работа.

Во овој конкретниов случај статутот си го носи Македонската радио-телевизија. Тоа е нивен статут.

Меѓутоа, одлуката за согласност на статутот, ја носат соодветните тела и тие поднесуваат извештај до Собранието.

Според тоа, ние овде го разгледуваме Извештајот на работните тела. Ние не донесуваме статут на Македонската радио-телевизија, па да го гледаме овде и да дискутираме по него во начело, во поединости и т.н.

Овде имаме две надлежни тела кои даваат, ја носат одлуката за согласност на статутот, а статутот си го носи Македонската радио-телевизија. Тоа е нивен статут.

Во минатиот состав соодветните комисии дале забелешки, Македонската радио-телевизија постапила по тие забелешки и повторно дошле до телата. Ние можеме да делегираме како Парламент и има случаи да делегираме како Парламент некои наши надлежности на одредени тела и некоја дискусија завршува до телата.

Јас можам да ви кажам и кои извештаи завршуваат во телата и завршиле досега во телата.

Според тоа, колку што се однесува до ова прашање, тоа е многу чисто и кристално јасно е и нема што тука да објаснуваме, дали денес треба да расправаме за статутот. Имаме извештаи, ние даваме согласност на одлуката. Ова како објаснување.

За збор се јави господинот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Господин претседател, колеги пратеници, точно е дека секој материјал кој доаѓа на седница пратеникот треба да го погледа, значи, нешто што разговаравме за прашањето на професионализмот на пратеничкиот статус. Но тој зависи и од многу други работи.

Она што е битно и за ова прашање, тоа е работата на собраниските комисии. Тука изгледа премалку ги користиме можностите. Таму се исцрпува најголемиот дел од работата и има два правци. Едниот правец е при работата на седниците на Собранието и другиот правец е на координативните седници на пратеничките групи. Јас ќе ви кажам отворено и искрено, во еден случај и ние имавме како пратеничка група проблем, кој не го забележавме добро за одредени материјали, нашите претставници во комисијата не ја отворија темата на седницата за координација кога ја одржувавме на пратеничката група, па моравме да се собереме пред самиот почеток на седницата.

Се договоривме дека собраниските комисии не работат џабе за потоа секој пратеник да трча по ходниците да се информира, туку нашите претставници во соодветните комисии повратно да не информираат за најбитните работи. Доколку ние поединечно чувствуваме потреба за дополнителни појаснувања, ќе побараме до стручните служби на Собранието, кој материјал сакаме да ни го достават на нашето биро или во пратеничката група да го имаме на располагање.

Значи, ова го зборувам, бидејќи прво ние како пратенички групи треба да ги искористиме можностите кои ни се на располагања на кои сме упатени и на кои имаме право. А точно е, се согласувам дека може секој пратеник да го побара тоа, но ако не го добие, тогаш настануваат проблеми.

Овде стручните служби очигледно настапиле според Деловникот за работа. Дали можеле тие самоиницијативно, тоа е друго прашање, затоа што сме се судриле и до сега со проблеми од тој вид, кога доаѓале странски делегации од било која меѓународна институција, ако самиот пратеник не побара пет дена пред да дојде делегацијата, најчесто

службите го носат и кај мене, претпоставувам и кај сите, ден или два пред тоа. За да се запознае пратеникот, минатите 8 години претходните состави на Парламентот колку средби имале, какви состаноци со Европскиот Совет, со Европската Унија, со Западноевропската Унија, па да ги види тие извештаи што дискутирале нашите претставници, што дискутирале нивните. Значи, ако е некој човек повикан да работи во таа делегација, сега во овој нов состав, треба да ги види претходните работи.

Значи, овој дел од работата на стручните служби кои треба да си обрнат внимание, ако треба, на крајот на краиштата и тоа им е работа, ако треба и да замолат и да прашаат соодветна пратеничка група дали од тој материјал имаат потреба. Инаку, во овој случај ситуацијата е сосема јасна. За овој материјал се расправало на собраниските комисии, претставниците на пратеничките групи членови во тие комисии требало да дадат повратна информација. Кај нас ја дадоа што се дискутирало, што се разговарало кои се ставовите. Овој пратеник што имаше потреба да добие нешто повеќе од тоа, беше упатен да ги побара мислењата на нашите претставници во комисиите или да појде кај стручните служби.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Пауноски.

За збор повторно се јавува господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Овде, напротив, сосема е јасно дека не се постапува според Уставот и Деловникот на Собранието. Не правете преседани кои практично ги кршат правилата, бидејќи демократијата е прво процедура и правило, после се друго.

Според нашиот систем не постои делегирање на права. Собранието е тоа кое одлучува. Не можеме ние да делегираме право на одлучување на било која работна група или тело на Собранието. Според тоа таквото објаснување е неточно, не постои делегирано одлучување.

Второ, што сакам да кажам е дека во точката стои Предлог - одлука за давање согласност. Секој акт на Собранието мора да биде во некоја форма, во случајот тоа е одлука. Ако е одлука, тогаш за одлуката треба да знаат, да бидат запознаени, да им биде доставена на сите пратеници во ова Собрание за да можат да одлучуваат. Тоа е прва лекција по уставно право и политички систем. Немојте да се брукаме како Парламент. Јас не знам која е причината да не се достави овој акт, кој ние треба да го усвоиме. Ве молам да се навредувате.

Се работи за сериозно кршење на една парламентарна процедура. Не сакам никого да обвинам, ниту претседателот, ниту службите. Не знам едноставно зошто се случило тоа. Меѓутоа тоа не го дозволувајте. Тоа не е добро ни за нас како опозиција, ни за вас како владеачка коалиција. Апсолутно не е добро.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да не се повикуваме многу на Уставот, особено ако не го знаеме.

Второ што сакам да кажам е дека треба да се прочита Деловникот.

Јас го молам господинот пратеник Лазар Китановски да ги прочита од член 410 до член 416, нема смисла сега да ве замарам со тоа, да видите дали сме постапиле...

Вам ви е доставена одлуката и така пишува овде, а актите се разгледани од надлежните тела. Овој Деловник постои пред нас, ние не сме го донеле овој Деловник.

Повелете прочитајте ги одредбите овде и ќе видите што пишува. Јас не можам да го кршам Деловникот.

А Уставот многу малку зборува за ова прашање.

Деловникот е јасен, иако е стар, иако употребува друга терминологија, ние барем сме правници и знаеме.

И најлошата норма е подобра отколку ако ја нема.

Во оваа ситуација е таа норма која што ја имаме тука.

Според тоа да не се надмудруваме правнички.

Овде се работи за давање согласност на одлука што ви е поделена. Одлуката е поделена. Не е поделен Статутот.

Статутот е разгледан од надлежните тела.

Ние дискутираме по одлуката што е поделена, со извештајот на комисиите.

Тоа денес треба да го усвоиме.

Според тоа, јас не знам зошто денеска би требало повеќе да дискутираме.

Дали сме согласни со вакво нешто или не, тоа е друго прашање.

Можеби јас не сум согласен на овој начин да се работи, ама морам да работам по тоа како што постои овој Деловник.

За збор се јави господинот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Неодамна овој Парламент донесе Одлука за ратификација на Договорот за продажба на рафинеријата Окта, без воопшто пратениците да го погледнат тој договор.

На таа седница опозицијата не учествуваше во расправа и пратеничкиот состав на парламентарното мнозинство, беше замолено дури и од член на владината коалиција, дека таквата постапка не му чини чесно на ова Собрание, со оглед на тоа што донесува Одлука за ратификација на договор, кој воопшто не им е доставен на пратениците и ниту еден од нив не знае што содржи овој договор и што во овој момент ратификува.

Меѓутоа и тогаш ова Собрание ја отфрли можноста пратеникот кој што сака да се запознае со содржината на тој договор, да ја добие содржината на тој договор.

Денес ние се соочуваме со еден сличен предлог, во кој Собранието кое што е основач на МРТВ, треба да даде согласност на Статутот на ова претпријатие, со кој се уредуваат многу важни работи. Со Статутот се уредуваат органите на управувањето, се определува начинот на одлучувањето во тоа претпријатие, се определуваат овластувањата на директорот и на другите и одговорностите како се изведуваат во таа институција. Сите ние како пратеници многу сме заинтересирани да знаеме точно како е тоа уредено и имаме право да знаеме што всушност содржи тој Статут.

Денес ни се предлага, со образложение дека тоа немало потреба да биде поделено, да гласаме за одлуката за давање согласност на статут, кој никој од нас го нема видено како изгледа, освен членовите на комисиите кои ја имале таа прилика да го видат. Сакам да кажам дека реакцијата на опозицијата денес на ваквиот начин на усвојувањето на Статутот меѓу другото е предизвикана и од изјавите на актуелниот директор на МРТВ, дека тој е готов да започне со отпуштање на голем дел од вработените во МРТВ. Ние многу би сакале да видиме дали во новиот Статут, на кој денес треба да даде согласност ова Собрание, се содржани основни права на генералниот директор, токму тоа да го прави. Чисто заради вознемиреноста на вработените во МРТВ, заради одговорноста на сите членови во Парламентот во однос на институцијата чии основач е ова Собрание.

Сметаме дека оваа одлука не треба да се донесе без Статутот да биде поделен и разгледан од страна на пратениците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас не знам, веројатно во комисиите учествувале и претставниците на Пратеничката група на СДСМ и сигурно го имале Статутот и во ЗПК и во Комисијата за сообраќај и врски, претпоставувам и не знам како реагирале.

Како пратеничка група тие не реагираа.

Но, имаат право и ова да го поставуваат, така како што мислат дека треба да се постави и во ред е тоа.

За збор се јави госпоѓата пратеник Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Господине претседателе, имам едно конкретно прашање до вас.

Дали вие се обидувате да воведете еден фантомски модел на работење на овој Парламент. Дали мислите, отсуството на текстови за кои ние треба да ги дадеме своите гласови, да стане практика. Колегата Спасов го спомна моментот со Окта. Пратениците ги доведовте во ситуација да го губат својот дигнитет и да гласаат за текст кој не им е дистрибуиран. Тоа е анти уставна атмосфера. Креирате еден момент во кој работите против дигнитетот на Собранието и против дигнитетот на секој поединечен пратеник. Ова е втора ситуација во која апсолутно немавте потреба од мистификации од овој вид. Ако имавте задача Окта да го поминете без текст од овие или оние причини, не сакам да навлегувам во тоа, ќе добиеме за тоа докази во стварноста, виде нес апсолутно немате потреба да го направите тоа што го правите, затоа што никој од нас овде, барем така дејствува опозицијата, не дава свој глас за текст што не го видел.

Право на секој пратеник овде е да има материјална основа, врз основа на која ќе се изјасни за текстот. Затоа Ве молам место да се натегаме овде, досега веќе можевме да имаме дистрибуиран текст на Статутот и мислам дека би било во ред тоа да го сторите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Што се однесува до фантомските одлуки и текстови, мислам дека треба да се воздржуваме од такви зборови кои не доликуваат на интелектуалното ниво барем на пратениците, бидејќи на тој начин, навистина, тоа се веќе и лични навреди.

Еднаш ве предупредив дека ќе бараме јавно извинување за личните навреди,

затоа што не сум јас овде поставен да се говори за лични навреди, а ако нешто е процедурално направено, ако не сте добиле и е прекршена процедурата, има надлежни органи како што се Уставниот суд, нека повели пратеничката група, ќе одговориме пред Уставниот суд и нека ја обори одлуката. Таа е од општ карактер. Тоа е една работа.

Ако мислите дека е така, затоа што колку што знам добар дел од пратениците, не добар дел туку сите овие ја добија, а вие не бевте присутни да дискутирате на таа седница. Според тоа толку по таа одлука.

Во однос на оваа одлука, јас мислам дека постапувам по Деловникот.

Не се работи за фантомска одлука, не се работи за одлука каде што Пратеничката група на СДСМ не ја погледна.

Работата е дали имале интерес да ја погледнат, дали присуствувале на седниците, дали го пренеле ставот на својата пратеничка група, а нормално дека ние овде сме основачи на стотици јавни установи.

Што ќе биде од Парламентот ако сите статути што ние ги одобруваме овде одат и ги гледаме на Парламент. Ние овде би се претвориле во тело од правен карактер, би ги разгледувале сите статути. Има тела кои што одлучиле, каде што седат пратеници од сите пратенички групи.

Ние денес разговараме по извештајот и носиме одлука по тој акт.

Сега ако некој сакал и имал посебен интерес навистина можеше да си го побара, како и секој друг пратеник тој акт и да го погледне и овде да дискутира.

Но очигледно дека прашањето на дисквалификации постанува веќе едно општо правило, кое искрено да ви кажам, јас не можам да го прифатам. Ниту фантомски одлуки овде се донесуваат.

Овде се донесуваат одлуки пред јавноста. Некои од тие одлуки Уставниот суд ни ги оспори, како што знаете, и ние тие одлуки ќе ги почитуваме, згрешило Собранието, згрешила Владата.

Едноставно има Уставен суд кој тие грешки ги исправа.

Според тоа, Ве молам околу процедурата не би требало да се навредуваме и да употребуваме такви зборови.

За реплика се јавува госпоѓата Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Претседателе, јас мислам дека ние имаме, во суштина како пратеници во овој Парламент слични намери. Тоа е овој Парламент да работи регуларно, да работи на нивото кое што му прилега.

Според тоа, не верувам дека било кој од нас има намера било кого да навредува во овој Парламент, во било каков вид на дискусија. Мислам дека избрзувате кога давате квалификации, од типот кои што ги дадовте сега, а ако имате проблеми со разбирањето на етимологијата на зборот или со неговата суштина, тогаш би било добро прво да го погледнете зборот, па потоа да ја давате квалификацијата што ја дадовте.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓа Митрева навистина ќе поминеме во лични навреди, а сакам да се поштедам себеси од тоа.

Нека суди јавноста за тоа кој колку знае што се фантомски зборови.

Нека остане дека сте по паметни од мене во овој случај, па нека процени јавноста.

Има збор пратеникот Талевски Александар.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Јас сум член на Комисијата за сообраќај и врски и за вољa на вистината сакам да кажам два факти.

Треба сите да знаат дека овој Статут во Собранието е приложен веќе година и нешто во собраниските тела. Истиот тој Статут е разгледуван на Комисијата за сообраќај и врски, каде што почитуваните политички ривали од опозицијата имаат свои членови. Тоа се Илоски и Ангелковски, така да ако има добра координирана работа, може да се информираат преку своите членови од Комисијата за сообраќај и врски, а не да се искажува тотална недоверба во работата на ова собраниско тело.

Исто така, овој Статут е разгледуван во ЗПК, каде исто така имаат свој член. Тоа е Гештаковски Александар, така да можеа ако сакаа за ова многу добро да се информираат, а не да се прави овде случај од тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор повторно се јави пратеникот Андоновски Кирил.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Јас уште еднаш се јавив за збор, само нешто да дообјаснам, дека навистина работиме по Деловникот. Се надевам дека и опозицијата сака да работи по Деловникот.

Во ЗПК беше разгледано барањето за давање согласност на Статутот и од членовите на ЗПК немаше против тоа. Значи во ЗПК учествуваа претставници, пратеници од сите

партии. Така да ги претставуваа и позицијата и опозицијата, а верувам дека и во другото матично тело. Јас само заради дообјаснување ќе бидам принуден да прочитам некои одредби од Деловникот. Веројатно членовите на опозицијата кои дискутираа го немаат при себе. Вели: "Кога одборите и ЗПК по приемот на Статутот, односно самоуправна спогодба и т.н., утврдат дека претпријатието постапило по ставените забелешки во рок од 30 дена од приемот на актот, ќе им поднесе на дадените собори извештај и Предлог на одлука". Не гледам тука што е спорно, што не е деловнички.

Според тоа ние ги разгледавме, поднесуваме извештај и ви поднесуваме Предлог на одлука, ако е постапено според забелешките, бидејќи вие сте давале забелешки во претходниот мандат, тоа е едно.

Друго, во одлуката со која се дава согласност на Статутот, односно на спогодбата се означуваат одредбите на тие акти на кои се дава согласност, односно се ставаат забелешки ако не е постапено според укажувањата, писмените укажувања на поранешниот состав. Ние според тоа работиме според Деловникот и така прифатете ја работата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ред е еднаш да направиме разлика меѓу овластувањата на Собранието и процедурата по која тие овластувања ќе се спроведуваат.

Уставот му дава право на Собранието да одлучува со закони и да донесеме некои одлуки. Меѓутоа веднаш не задолжува како оваа процедура ќе се одвива.

Во случај кога се дава согласност на статутите на одредени јавни препријатија, како што е случај и со МРТВ две комисии се надлежни да ги разгледаат тие да стават забелешки и ако не се постапи или се постапи по истите, на Собранието да му предложат да донесе одлука.

Значи се дава надлежност за одлучување по предлог на тие две комисии. Ние извештај поседуваме и сакаме еднаш, без разлика дали се тоа работи од колегите од позицијата или опозицијата, да се придржуваме кон постапката што ни ја дава и пропишува Деловникот. Дал на некој од нас таа постапка му се допаѓа или не, тоа е друго прашање. Да направиме тогаш напори да ги измениме тие правила на игра и тогаш да постапуваме по истите.

Мислам дека колегите од СДСМ еднаш веќе треба да заборават една работа што често ја употребуваат. Не велат не е законито или не е уставно, туку велат тоа беше практика на претходната власт. Практиката е таа која одликува примена на право од еден институт, од субјект и т.н. Тогаш ако се промени тој субјект му го дава исто тоа право на друг под друго име или под друга личност, да создава свој начин како ќе го применува законот. Овде имаме друг начин, го применуваме правилно како што е пропишано, а не како што на нас ни одговара.

Во тоа е разликата што не сакаме да ја прифатиме праксата на претходната власт. Во овој случај нема потреба од, да кажам, енормно умножување на тој статут, тоа се 120 примероци, а Деловникот кажува на две комисии, дали се тоа 10, 20 или 30 членови, на нив да им се достави примерок од Статутот.

Се напомна уште една работа, наводно кога било давање согласност на договорот со Окта, дека сме го немале договорот. Па ние договорот го имавме, го имаше тој кој сака да го има. Го имав јас редовно во постапка и пред ЗПК и во пратките што ги добиваме. На господинот Гошев, не знам дали е тука му го покажав договорот. Тој вели остави го јас го немам.

Верувам дека тој го немал, но не треба да биде правило дека го немале пратениците и нека говори дека тој го нема и нека направи напори да го добие, е па нека види дали ке одобри или нема да одобри. А господата од СДСМ не гласале за него и му наоѓаат недостатоци. Сега колегата Спасов вели овој статут е таков и таков и тие правила ги предвидува, тоа треба да се доработи, тоа треба да се работи, а не го знае статутот.

Од каде му е содржината на статутот ако го нема. Веројатно му дошла идеја во глава да каже јас немам статут, ама еве го знам, по правило на колегата Наќе кога бевме во првиот состав, вели јас законот не сум го читал, ама ќе гласам проти него, затоа што мојата партија има таков став. Ако е по тој терк благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-ѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, мислам дека се крена малку поголема прашина околу еден непотребен предмет и би ги замолила претставниците од опозицијата навистина да не сметаат дека се работи за дерогирање на нечие демократско право, затоа што се работи за сосема не безначајна работа, туку за еден од многубројните

статути кои што ги усвојува ова Собрание. Само ќе спомнам дека и овој состав, да не зборувам за минатите состави, досега има усвоено преку 36 статути на јавни здравствени организации и никој ниту еден не побарал да ја погледне содржината, од причина што верува на матичните тела. Можеби постои една морална димензија, од аспект на тоа што Собранието е основач на една ваква голема куќа како што е Македонската радио-телевизија, како што е јавен сервис на граѓаните и од таа причина побарале да го погледаат законот.

Меѓутоа мораме да констатираме она што е факт, дека деловникот не пропишува таква процедура, дека службите и претседателот на Собранието постапила до крај деловнички, а ме интересира мене лично, веројатно и сите нас овде за да можеме да зборуваме за делегирање на нечие демократско право дали има некој претставник од опозицијата, меѓутоа би било добро со име и презиме да каже дека го побарал статутот, ама него му било ускратено правото да го види. Ако е така тогаш можеме да зборуваме за таа втора димензија, за скратување на нечие демократско право.

И, дали се информирани досега нивните претставници, дали го добиле во Комисиите, бидејќи има претставници во Комисиите. Ако тие претставници го добиле, исто така, не може да стане збор за ускратување на нечие демократско право.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, ќе мора да кажам дека ме предизвикаа да се јавам, затоа што сум член на комисијата за сообраќај и врски, има пратеник кој побарал статутот да му биде доделен на време, а тоа сум јас, затоа што и комисијата статутот буквално ми беше поделен во моментот кога стасав на комисија, а стасав два саати со закаснување, затоа што комисијата беше закажана во 9,30, а почна во 11 часот. При влегувањето на комисија ми беше поделен статутот и јас реагирав на овој начин на работа.

Еден од начините на реакцијата беше тоа што гласав воздржан, поради тоа што статутот не ми беше доделен на време да можам да го разгледам и да дадам мои сугестии и видувања. Бев предизвикан и морав да реагирам и да кажам дека имало и такви пратеници кои го побарале статутот на време да го добијат. На ад хок разгледување на статутот, имав одредени забелешки кои не беа прифатени од страна на комисијата за сообраќај и врски. Јас знам дека сум во малцинство во комисијата, во конкретниот случај, но демонстративно покажав дека не се согласувам, со самиот факт што гласав воздржано.

Меѓутоа, сакам да кажам дека имало и такви пратеници, кои побарале да го видат статутот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор побара пратеникот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе бидам краток, вообичаено.

Прво, ќе дадам поддршка на статутот. Имам целосна доверба во комисијата, која е од мешан состав, вклучително и на членови на СДСМ, но едно не ми е јасно.

Зошто во континуитет СДСМ бара алхемија во сите овие работи. Морам да ви кажам дека принципот на вашата работа во изминатото не е пресликана во работата ниту на ова Собрание, ниту на Владата, така да од таа страна воопшто да не се плашите. Ние сме многу транспарентни, отворени за разлика од вас.

Но, сметам дека г-динот Китановски подобро би било да размислува за следната точка од дневниот ред, каде што треба да даде отчет за работењето во неговото министерство, тука да биде принципиелен и тука да биде транспарентен и максимално отворен. Тоа го очекувам од Вас како член на Анкетната комисија, а г-динот Спасов да размислува како, ќе ги врати парите како амбасадор што паралелно ги добиваше и како пратеник. Тоа се пари на македонските даночници...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, да се сконцентрираме на точката...

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

... со продавањето на чесност...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

г-не Флоровски, Ве молам.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

...Ве молам задржете го за друго место, но ќе разговараме на таа тема, нема проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, дајте држете се за точката на дневен ред, затоа што ова далеку ќе не одведе, ако проговориме другојачие.

Ве молам дали има некое дополнување?

**АЛЕКСАШАР ФЛОРОВСКИ:**

Ако веќе господата кои ги апострофирав можат да говорат за се и

сешто, нели ова е и во контекст на точката.

Мислам кој како ги сваќа работите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Ѓорѓи Котески.

**ЃОРЃИ КОТЕСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, ценети новинари, сакав само да укажам на една работа. Кога се повикуваме на Уставот и кршењето на Уставот, навистина треба да бидеме доследни од почеток до крај. Јас сум сведок на донесувањето на Уставот во првиот Парламент и континуирано го следам до ден денес, бидејќи сум редоследно во овој трет Парламент по ред.

Меѓутоа не ми паѓа на ум, како може одредени пратеници кои имаат подолг период во ова Собрание, да заборават толку брзо и да ставаат епитети, во конкретниот случај на претседателот на Собранието на РМ, г-динот Саво Климовски дека го крши Уставот. Мораме ние како Парламент да бидеме доследни во тој правец и тој Устав да го цениме и да го почитуваме како највисок акт на државата, од кој произлегуваат сите други закони и норми во оваа држава. Но јас да ви кажам, ако има потешко прекршување на Уставот, еве го имам врака од она што е запишано внатре, дека РМ е правото име на оваа држава, а господата кои денес се во опозиција, во поранешниот состав позиција, направија таков преседан дури да го прекршат дури и Уставот и овде во Собранието да ни предложат Македонија да се вика Република Скопје, Република Македонија - Скопје.

Тоа беше мало прекршување на Уставот на РМ, па отидоа подалеку, па денес имаме бивша Југословенска Република Македонија, уште едно преискршување на Уставот на РМ. Сакан да кажам ако се држиме до одредени принципи до одредени правила на игри, мораме да бидеме доследни од почеток до крај, а не само заради провокација или за било како маркетинг пред јавноста да кажеме едноставно дека го кршиме Уставот.

Мислам дека во конкретниот случај ние со донесувањето на одлуката за Статутот на Македонската радио-телевизија, не правиме никаков прекршок. Ќе ви кажам зошто? Затоа што стручните тела и стручните служби во Собранието на РМ постојат токму заради тоа и никој пратеник во ова Собрание, ни во наредните што ќе доаѓаат не го амнестира од незнаењето, или ако некоја диплома земал со сведоци. Затоа политичките партии се до крај одговорни во овој Парламент да инфилтрираат нај способни, нај квалитетни и нај одбрани луѓе, од различни сфери и од различни професии. Ние не можеме да бидеме експерти по сите основи во Собранието на РМ. Токму ние веруваме со нашите претставници во дотичните комисии, на она што ќе го донесат врз основа на нивните ставови и заклучоци, но и врз основа на Законот и врз основа на овој Устав, кој треба да биде за нас света работа.

Затоа велам, поранешната практика, она што мене ми се случуваше, сега го препишуваме на вас, треба да се искорени и да биде општо правило за сите нас, правило за однесување и правило за профилирање на нај квалитетни луѓе во ова Собрание, како пратеници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, токму сега мислиме дека на никој не му е јасно зошто треба толку време да губиме. Не е спорно што двете комисии расправале за статутот на МРТВ, меѓутоа од сруга страна и ние сме во право што бараме да имаме статут пред нас, затоа што обично мислиме дека така и се работи. Работните тела на Собранието се еден филтер на ова Собрание, а секој еден пратеник без разлика на својата политичка партија, односно опција бара да има работен материјал, а овде се однесува за Статутот на едно јавно претпријатие кое има над 1,500 вработени, што значи не е едноставна работа да веруваме само на работните тела на Собранието и ние пратениците да се доведуваме во таква ситуација, што не ќе бидеме во можност да знаеме за каков статут гласаме.

Мислам дека е надвор од логиката на ова Собрание, веројатно и на претседателот на Собранието, за кој мислам дека е ставен во незгодна ситуација од страна на својата коалиција. Јас се надевам дека ќе наидеме на разбирање, затоа што инаетот не води никаде. Зошто опозиционите партии бараме да имаме статут пред себе како работен материја? Јас не знам и зошто се брза. И моите колеги од ПДП овде го немаат Статутот и истото мислење го делат. Затоа мислам дека е најдобро да ја надминеме ситуација, статутот да го имаме пред нас и да знаеме за каков статут гласаме.

Уште еден факт. Ние сме основачи на тоа јавно претпријатие, што не значи да бидеме прецизни за нешто што сме ние основачи, затоа што ние имаме и други јавни претпријатија, пред се како пратеници ние ги штитиме интересите на граѓаните, односно на државата и не можеме да воведеме таков стил на работа, без работен материјал да работиме, односно да дадеме гласови.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Оломан Сулејмани.

Јас сакам г-да пратеници една работа да ви кажам.

Статутот не е закон. Ние не го разгледуваме статутот целосно, ќе ве молам ако така го гледаме, ќе му дадеме тежина на закон.

Прво, нашите комисии гледаа само одредени одредби од Статутот, а Статутот си го носи самата организација.

Само определените одредби, јас не знам Вие брзате овде јас да го прекршам Деловникот.

Во Деловникот јасно е напишано како што ви е прочитано и како што треба да го прочитате деловникот.

Не инсистирајте од мене да го кршам Деловникот.

Јас тоа не можам да го направам.

А ако мислите дека треба дајте да покренеме постапка да го донесеме Деловникот и сите тие акти на јавните установи, за кои што ние избираме управни одбори и сме одговорни да ги разгледуваме овде. И тоа можеме да го направиме.

Но сега за сега имаме таков Деловник и јас мислам дека заедно со стручните служби постапивме според Деловникот.

Од друга страна сакам да ве потсетам г-да пратеници, дека секој од вас како пратеник независно дали е член на некоја комисија, може да присуствува на сите седници на комисии.

Ако Вие сте пројавиле интерес да го разгледувале Статутот сте можеле да учествувате на овие две комисии, да земете расправа, се разбира без право да одлучувате.

Од каде сега толкав интерес на седница на Собрание за Статутот, кога знаете дека тој беше поделен, по него се расправаше, беше објавено на тие две седници дека ќе се расправа и т.н.

Ми се чини дека ова значи да се создаде привид кај јавноста дека, ова Собрание работи не легитимно, а јас тоа категорички го отфрлам. Не можете сега со овие ваши дискусии да создадете впечаток дека сите наши одлуки се донесени набрзина, се донесени надвор од Статутот, да не речам од Уставот и т.н.

Ова е направено така како што пишува во нашиот Деловник и така е постапено, а вие користете си ги вашите права како пратеници па учествувајте и земете учество во расправата по секоја точка, независно дали сте член на некоја комисија или не сте член.

Само толку имав да ви кажам како појаснување.

Повторно се јавува за збор г-динот Никола Поповски.

Јас се извинувам г-дине Поповски, но г-динот Томислав Стојановски бара процедурално, па тој нека земе збор, а после ќе ви дадам збор.

Извинето Ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-да, да се надминеме себе и да го примениме Деловникот, јас ги разбирам колегите пратеници кои го бараат текстот на Статутот. Деловникот решил како што решил и ние сакаме така да се одлучува, меѓутоа во правото постои еден друг принцип, кој може повеќе може и помалку.

Собранието како тело може да одлучи и да ја преземе надлежноста од комисиите. Во овој случај да се надмине, да не се надмудруваме многу, Собранието да донесе одлука со гласање дали ќе постапува поинаку, надвор од Деловникот и надлежноста на двете комисии да ја остави настрана и да одлучува Собранието и тогаш да го добиеме текстот на Статутот.

Ако Собранието не одлучи вака да се работи, тогаш не останува ништо друго, туку да се говори по однос на содржината на Статутот, ако сако некој добро, ако не да преминеме на гласање и да ги примиме извештаите на двете комисии, да гласаме за предложената одлука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека г-динот потпретседател е во право.

Ја имаме и таа можност.

Како Собрание да ги дерогираме функциите на двете комисии, односно ние да ги преземеме функциите на двете комисии.

Тоа е веќе друга ситуација, што е надвор од Деловникот и за која што ние треба да гласаме по оваа точка.

Ако се согласувате можеме и така да направиме и така да гласаме, но прво да ја исцрпиме расправата, а после тоа да преминеме на разгледување и на овој предлог.

Јас овој предлог ќе го ставам рамноправно на гласање, пред да преминеме на гласање.

Има збор г-динот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги навистина мислам дека Собранието почнува да се доведува во многу непријатна ситуација, начинот на работа да го утврдува ад хок и да го толкува Деловникот и Уставот, согласно потребите на моментот.

Г-дине претседателе, пред да го ставите на гласање, тоа што ви го предложи г-динот потпретседател, сакам да ве предупредам дека согласно Уставот на РМ донесен во ноември 1991 година, Собранието одлучува на седници, ова го цитирам од Уставот, што значи одредбите од Деловникот не важат кога Уставот ги дерогирал.

Ве молам да не се доведуваме во смешна ситуација, да почнеме и уставните одредби со гласање во Парламентот да ги менуваме, па да донесуваме права.

Сакам да укажам на следново. Почнува да се добива впечаток дека ако опозицијата бара да го има пред себе текстот на Статутот за кој треба да даде согласност или да не даде согласност, или да се воздржи од гласање согласно Уставот, таа во тој момент станува крива за тој факт. И во моментот опозицијата е крива зошто евентуално и паднало на памет да го побара Статутот. Таа нормално треба да гласа за статутот без да го види. Тоа е нај нормално, само сега има тука некои пратеници од ПДП и СДСМ, кои велат ние сакаме да го видиме.

Мислам дека станува ова премногу сериозен проблем и дека од минатата седница, од која од тие причини делумно и напуштивме сега почнува да се претвора во пракса.

Сакам да укажам дека постои страшна интенција во Собранието во оваа насока.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Второ, сакам да укажам на погрешното од страна на г-динот претседател, изнесено уверување на пратениците дека ние само продолжуваме тоа што го правиме со стотици други претпријатија, институции кои на овој начин ги правело Собранието, или ги прави.

Сакам да укажам дека, тоа е апсурдно да се толкува, затоа што тоа Собранието го правело се додека немало закони кои тоа од Собранието го одзеле. Тоа го правело Собранието по тој Деловник кој го чита и шефот на Законодавно - правната комисија додека не се донел Уставот на 17 ноември 1991 година и додека не се донеле закони по тој Устав, кои сега ги исфрлаат одредбите од Деловникот.

Јас Ве молам да имате предвид дека согласно нашиот Уставен закон, сите одредби на Деловникот што не се во функција, во сила со Уставот и новите закони донесени после 17 ноември 1991 година, одредбите од Деловникот едноставно не важат. Ве молам сите овие членови кои ги читате, кои се во спротивност со Уставот во овој случај и со Законот за радиодифузија, да не ги читате, затоа што тие немаат никаква важност.

И Ве молам, кога ќе настапуваме овде покрај тоа што ќе ја повикувате опозицијата да чита, ќе Ве молам да прочитате и Вие малку. Едноставно одредбите од Деловникот не важат во тој момент. Инаку ако така го толкуваме Деловникот, колегите од ПДП сега ќе можат да зборуваат, бидејќи го познаваат албанскиот јазик, од ДПА нема да можат, затоа што не присуствуваат колективно денес, да зборуваат на албански јазик, согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија кој го цитирате. Меѓутоа тој Деловник не важи во таа одредба, заради тоа што има повисок акт од него кој се вика Устав, или некој друг закон. Што значи дека Деловникот се толкува така само доколку со Устав, или со закон од 17 ноември 1991 до денес не е променет. Статутот на јавното претпријатие се донесува врз основа на Законот за МРТВ, кое е едно и единствено јавно претпријатие кое го основа Собранието на Република Македонија, што значи дека во таа насока Статутот треба да се подели овде, а не ние да претпоставуваме што пишува во него кога треба да дадеме согласност.

Исто така сакам да укажам дека заканите кои се слушаат по повод работење на некои наредни точки на дневниот ред, апсолутно не влијаат на нашето определување дека ова Собрание треба да работи согласно Уставот и законите. И заканите воопшто не ме возбудуваат.

Исто така, дозволете г-дине претседателе да укажам дека на седницава за која сега работиме 25-та, на пример многу често почнуваат закони да се ставаат на дневен ред во текот на расправата, согласно

Деловникот да се повлече од дневен ред. Кога една точка ќе се повлече од дневен ред, таа е повлечена од дневен ред и не може накнадно да се уфрли повторно, со заклучок на Собранието на дневниот ред, кога веќе дневниот ред е затворен и точката е напуштена. Тоа го направивте сега со една точка и мислам дека е тоа исто така многу лош впечаток за Собранието, за Законот за водите.

Исто така, сакам да укажам дека оваа точка на дневен ред на барање на СДСМ беше симната од дневен ред при утврдувањето. На интервенција на пратеник од коалицијата, со заклучок на Собранието да се стави на дневен ред точката, а со оглед дека ќе биде, или предлагам да биде последна, во меѓувреме предлагам да се подели, па ние да расправаме по него. Тој заклучок го прифати претседателот на Собранието и така Парламентот по заклучокот да се стави точката на дневен ред со исприка дека тоа ќе овозможи ако е последна на дневниот ред да се подели Статутот, се стави на дневниот ред.

Сега повторно не се подели Статутот и мислам дека Собранието во овој случај не го почитува ни својот заклучок. Меѓутоа, сметам дека станува прилично нормално да не ги почитуваат тие заклучоци и едноставно тука нема лек. Исто така, сметам дека почнува да станува сериозна индиција дискусијата на 3 пратеници од позицијата кои кажаа дека ако некој сака да го има материјалот за кој се дискутира, нормално може да се обрати на стручната служба и тој ќе му биде доставен. Како пратеник во третиот мандат, веќе досега бев уверен дека нас материјалите за дневниот ред за кои треба да се изјасниме, ни се доставуваат по службена должност. Еве, од сега ќе имам предвид дека во иднина можеби ако не ни ги доставите материјалите, ќе треба сами да се обраќаме.

Мислам, кога се премолчува од страна на претседателот, кој ја води седницата станува индикативно дека таа пракса може да продолжи. Едноставно ако на некој му е евентуално потребно да види што пишува во материјалот што ќе го гласа, дека тој треба да си побара од стручните служби. Извинете, има Устав и пратениците за кое и Вие говоревте на минатата седница, имаат некој статус во тој Устав и на нив материјалите по службена должност навремено и по Деловник дури им се доставуваат.

Исто така, сакам да кажам дека Собранието работи на седници со тоа и почнав на кои одлучува. Собранието има свои работни тела и комисии, кои се помошни тела на Собранието и тие не можат да носат никакви одлуки, откако стапи на сила новиот Устав на Република Македонија, а е задржано во стариот, дека носат одлуки за статути.

Меѓутоа да Ве упатам дека со оглед на тоа што Собранието одлучува на седница, Собранието и пратениците не делегираат свое право на друга комисија, која не е составен дел на Уставот или на орган на оваа држава, туку е помошно тело на еден орган, кој се вика законодавен дом, Собрание на Република Македонија. Што значи дека делегирањето на правото на пратениците некои комисии во нивно име да го разгледуваат, по Уставот не постои. Собранието одлучува на седници и тоа делегирање е избришано на 17 ноември 1991 година, значи веќе 8 години без неколку месеци. Така што Ве молам, да не го земеме ни за сериозно дека ние можеме да ги делегираме нашите права на помошните комисии.

Со оглед дека расправата се исцрпува во таа насока и со оглед дека очигледно не постои разбирање за овие проблеми, не се сака да се има разбирање и дека е утврден ред по кој работите ќе си течат, г-дине претседателе, Вие сам кажавте дека ова Собрание треба да има легитимитет. Ние како Пратеничка група на СДСМ, со оглед дека согласно Уставот и Деловникот на Собранието не постојат услови за да можеме да се изјасниме по точката на дневниот ред. По оваа точка на дневниот ред нема воопшто да се изјасниме.

А во врска со легитимитетот, проблемот, мислам дека Вие како претседател на Собранието треба да си донесете соодветна одлука за која се разбира ќе си сносите и соодветна одговорност, во смисла на водењето на седниците, дали тоа е легитимно, колку е легитимно, како може да се случува да се расправа по такви прашања на таков начин.

Ние едноставно ќе се воздржиме од изјаснување по оваа точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во врска со забелешката, што г-динот пратеник Никола Поповски ја даде, околу тоа за што одлучува Собранието на седници и дека Уставот дава генерално право, Уставот точно таксативно набројува за што Собранието одлучува на седници. Точно и јасно тоа го утврдува.

Јас не сакам овде да лоцирам.

Имаме напишано учебник, може да се погледне и нека се погледне тоа, па можеме да зборуваме.

Ова не е место за семинари.

Второ, сакам да Ви кажам дека во моментот кога ние ја одложивме точката, не беше во прашање Статутот. Во тој момент не беше поделена одлуката и заклучоците на комисиите.

И затоа оваа точка ние ја одложивме, додека не се подели одлуката донесена од комисиите и нивните извештаи, а не беше во прашање дали го даваме Статутот.

И не ги мешајте тие работи. Навистина ја дезавуирате македонската јавност на овој начин. И сега препишувате нешто што да речеме ниту мене ми е својствено, а немам ни зошто тој Статут да го кријам.

Сфатете, ние не одлучуваме за Статутот, ние одлучуваме за одредени одредби од статутот. Целосно не одлучуваме. Имаме за управувањето и т.н., но има комисии кои што се произнесоа.

Според тоа, ќе Ве молам, ништо немам против, еве јас навистина ќе гласам и јавно кажувам, ќе гласам за предлогот да го разгледува ова Собрание Статутот.

Отворено и јавно тоа го кажува иако гласањето е тајно. Затоа што немам ништо против тоа да се крие тој Статут.

Но, верувајте ми дека постапувам по Деловникот, така како што е овде запишано.

Мислам дека ќе го прекршам Деловникот, независно колку јас се согласувам со него, или не, ако постапев поинаку.

Од таму ако некои работи навистина не ми се допаѓаат, не значи тоа дека е виновен претседателот, дека го крши Уставот или Деловникот.

Јас се сложувам дека Деловникот ни врие со многу застарени решенија.

И мораме што поскоро да ја активираме таа работа, околу донесување на новиот Деловник.

Но, каков е, таков е, тој работи. Дали е во согласност  со Уставот, дали е во согласност со Уставниот закон, дали тој ги дерогирал некои одредби од Деловникот и од другите акти, навистина е веќе прашање за една поширока правничка расправа.

Во оваа ситуација ние го имаме тоа што го имаме и по тоа работиме.

Затоа велам не тврдам дека, во една поширока дебата можеби господата имаат елементи и право, но во овој случај таков Деловник имаме и тој мораме да го почитуваме.

Господа пратеници, ќе се исцрпиме во големи расправии.

7, 8 дискутанти имаме, реплики врз реплики, докажувања врз докажувања и т.н. и ова не е во ред.

Господинот Ѓорѓи Спасов побара реплика.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Реплика е. Се мислев дали воопшто треба да станам и да одговорам, меѓутоа сакам да му се заблагодарам на г-динот Флоровски што не потсети, на што треба да мислиме додека расправаме за прашањата за кои што тој е експерт. Имено, мислам тоа што тој го кажа е само доказ дека оној момент кога снемува аргументи во редовите на власта, таа посегнува по моделот на морална дискриминација на опозицијата. Ова го кажувам затоа што многумина го гледаат овој ТВ пренос и дека тоа претставува манир, начин на однесуваше и обид за замолчување на опозицијата.

Прво, сакам по повод тоа што тој го кажа да кажам една работа, дека во животот сум примал досега плата, само за она што сум го работел. Се друго што е спротивно од тоа некој ќе мора да го докаже на суд и е обична клевета и обичен начин за апсолутна дискредитација на мојата личност. Знаете, господа пратеници, ако претседателот на Парламентот дозволи на овој начин да расправаме и морално да се дискредитираме, ќе дојдеме во ситуација да секој од нас кога нема да му се допадне она што претходникот го зборува, да стане и да зборува и да изнесува не основани клевети, кон било кој од нас, да зборува: "разгледај те ги Вие Вашите криминали, разгледајте го она што го напишале некаде весниците, видете го она што ми го кажа некој на улица и т.н".

Бидете убедени дека тоа ќе се претвори во една многу непријатна дебата. Всушност основата за тоа е дадена во многу учебници порано и таа логика на дијалогот се нарекува обична пиљарска логика. А пиљарската логика која што ја забележал уште познатиот германски филозоф Кант, поаѓа од тоа дека кога на пазарот ќе дојде еден муштерија и кога ќе му каже на пиљарот дека неговата стока е расипана, дека неговата стока треба да се фрли во ѓубре, а тој нема никакви аргументи да ја одбрани сопствената стока и ќе му каже: "знаеш што,  јас слушнав дека мајка ти е курва". Знаете, тука веќе престанува

дијалогот.

Ако Вие со вашето однесување и со дозвола на претседателот на Парламентот, си дозволиме Парламентот да го претвориме на таков начин на наша расправа меѓусебна, морална дискредитација и меѓусебни обвинувања, тогаш верувам дека тоа не не води на добар пат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Спасов, не знам дали добро ме слушнавте, јас го опоменав г-динот пратеник Флоровски да се држи за темата.

И немојте да велите дека тоа сум го дозволувал, да излегува надвор од тоа. Јас не можам сега да викам обезбедување па стално да Ве тргнувам од микрофонот овде.

Јас тоа не можам да го примам. Јас не го дозволив тоа.

Јас реков и на сите упатив да се држиме за темата за која што се расправаме.

Сега немојте да ми импутирате нешто.

Тогаш вклучете го микрофонот и јавно извинете се.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јавно му се извинувам на претседателот, затоа што не го слушнав дека го опомена г-динот пратеник Флоровски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас го примам извинувањето, но навистина тоа не го направив. Не е во ред.

Има време кога можеби некогаш ќе разговараме и за некои други теми.

Сега разговараме за Статутот на Македонската радио-телевизија.

Зборуваме за Статутот.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Точно е дека ме опомена претседателот.

Но, си земам право да кажам нешто.

Прво, честитки за речникот, перфектен Вие и тука сметам дека ќе имате честитки од сите пратеници и од јавноста.

Околу информацијата која ја спомнав јас, можам да го кажам следното дека, тоа не е измислено од мене, тоа беше објавено во медиумите, ако не се лажам и во Вашиот партиски весник "Старт". Може да се провери. Ако не е така, го повлекувам она што го кажав.

Околу пиљарската логика, знаете по вокација не сум фармер, најмалку сум вино производител. Така што ова би било подобро да се упати на некое сосема друго место. И знаете, најмалку во животот се бавам со клевети. Јас сум многу отворен човек и отворено ги кажувам работите. Можеби е маана, можеби е некаде предност.

Инаку што се однесува до она што го кажав, дека истовремено сте користеле и плата, јас се извинувам ако грешам и плата како пратеник и како амбасадор, имам намера на првата седница да го поставам како пратеничко прашање. Мислам дека не грешам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Флоровски, кога ќе биде пратенички прашања, тогаш.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во иднина би ве замолил Вас, да не ме прекинувате кога говорам.

Како сугестија, Ве молам немојте да ме прекинувате кога говорам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кога ќе бидат пратенички прашања, Вие поставете го тоа како пратеничко прашање.

Ова прашање е надвор од темата и од дискусијата.

Нема што да разговараме по овие прашања.

Да се вратиме повторно на темата.

Значи да не избегаме од темата.

Господинот Љубен Пауновски има процедурална забелешка.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Јас бев и пријавен за дискусија, меѓутоа морам да го искористам правото.

Г-дине претседателе, јас мислам дека имаме една очигледна работа. Вие се повикавте на Деловникот, значи Деловникот не е прекршен, Вие предочивте дека некој сега бара да биде прекршен Деловникот на еден критериум, морализирање и обзирност. Видете морализирање и обзирноста, јас пред пола час слушав некој пратеник се жали дека веќе му е време за ручек, можеби човекот има навистина оправдани причини. Ако е така, тогаш обзирноста го подразбира и тоа да му донесеме тука да руча човекот. Заради тоа може да му е загрозено здравјето.

Ако г-динот претседател Ви соопшти дека Деловникот е запазен, целата процедура е запазена, зошто Вие барате да биде прекршен Деловникот? Според тоа, овој половина час, или еден час, колку е сето ова, лично го толкувам како блокирање на работата на Парламентот.

Би го замолил претседателот на Собранието, да најде соодветен начин да

пристапи кон нормална работа на Собранието, затоа што сто ова е блокирање на Парламентот. Беа посочени сите можности кои стојат на располагање на секој пратеник, да може да добие секаква информација, Господа, ако не умеете да се организирате за седниците, ако не умеете и да најдете начин како се подготвуваат ставовите и настапите на седниците, Ве покануваме на една од нашите координативни седници на пратеничката група и повелете ќе ги добиете тие можности, инструкции како се доаѓа до се. Ова според Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е типично блокирање на работата на Парламентот.

Благодарам, и уште еднаш апелирам претседателот на Собранието да го најде нај соодветниот начин да продолжи нормално работата на Собранието, седницата и јавноста да не биде заведувана дека опозицијата е игнорирана, или и се ускратува некакво право. Какво право кога во Деловникот стојат многу прецизни одредби. Никакво право не е. Вие имавте можност за обзирност и морални однесувања со 220 илјади потписи не го направивте тоа.

Овде има Деловник и тој Деловник не може да биде нарушен.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Имам реплика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Прво, г-дине Поповски не сте спомнати.

Молам, дајте да бидеме конструктивни.

Господине Пауновски, спомнавте дека не е добро организирана пратеничката група, па да дадеме збор, можеби се и организирани, нека ни каже.

Повелете г. Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, дозволете прво, да укажам на фактот дека не е достојно на претседателот на Собранието да навредува пратеничка група со зборовите "Можеби се организирани".

Затоа што, верувајте, сме по организирани, отколку Собранието кое го водите.

А, инаку, за понудата на г. Пауновски, еве, дозволете вака духовито да одговорам, Пратеничката група на СДСМ и натаму има потреба да ги чита сите точки од дневниот ред и затоа не би го прифатил методот на ВМРО-ДПМНЕ, кој обично гласа без да прочита.

Ќе се воздржиме од таквиот метод и не ја прифаќаме понудата.

Имаме намера да знаеме што гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Господа, имаме уште двајца пратеници, кои веројатно по втор пат се јавуваат.

Тоа се г. Андоновски Кирил и Стојановски Томислав.

Дали инсистирате да се јавите за збор?

Господинот Андоновски Кирил инсистира и крева рака за збор.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Се јавувам во врска со спомнувањето на претседателот или не знам како рече Никола Поповски. Се разбира, ние имаме и привремен Деловник за работа на Собранието и таму е кажано дека одредбите што се во спротивност со законите или со другите акти и Уставот, не можат да се применуваат. Само се применуваат оние што не се. Јас го поставувам прашањето овде, во што е несогласноста на овие одредби со Уставот. Дали ние го утврдивме дневниот ред? Го утврдивме. Дали учествувавте во утврдувањето? Учествувавте. Тоа е едно.

Друго, Собранието, точно е, дека одлучува на седници. Тоа е неспорно. Па, вие имате можност пак да одлучувате. Имате извештаи и Предлог одлука, можете да се произнесете. И тоа е точно.

Затоа, сметам дека, а пак што е најважно ваши претставници учествуваа во матичните тела. И тоа е точно. Сега не гледам причини, само толку сакам да кажам, дека постои некоја спротивност на овие одредби, посебно овие одредби со Уставот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Андоновски Кирил.

Дали г. потпретседател сака збор? (Се откажува).

Господа пратеници, претходно овде имаме еден предлог доставен од потпретседателот Томислав Стојановски.

Тој предлог гласи: по оваа точка Собранието да се произнесе дали сака да расправа во целина, односно да ги преземе ингеренциите на неговите комисии и ние да расправаме, а тоа значи на наредна седница, да се разбереме, да расправаме за статутот на Македонската телевизија.

Тоа би можеле, инаку, би требало да постапиме така како што е утврдено во нашиот Деловник.

Но, со посебна одлука можеме и на пленарна седница да расправаме, ако така се одлучиме.

Она тело што може повеќе, нормално е дека може да ги дерогира правата на телото што може помалку.

Имаме Предлог на Одлука за давање согласност за Статутот на Јавното претпријатие за Македонската радио-телевизија.

Дали уште некој друг бара збор по ова прашање? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Господа пратеници само 59 пратеници гласаа.

Значи, немаме мнозинство.

Присутни се 68 пратеници, меѓутоа, 59 гласаа.

Ако СДСМ се воздржаа од гласање, меѓутоа еден е воздржан од гласање и еден е против.

Господа, од 61 пратеник треба ние да донесеме одлука.

Не можеме од 59 пратеници.

Па, ќе ве молам во оваа ситуација можеме да одиме или на поединечно гласање ако бара еден пратеник и 10 други да го поддржат, тогаш може.

Дали барате на таков начин да гласаме?

Тогаш, одиме на поединечно гласање.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ние се сомневаме дека Одлуката за поединечно гласање е усвоена со кворум од Собранието, што значи дека во салата нема 61 присутен, вклучувајќи го и СДСМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега ќе ги изброиме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Одлуката со гласање се носи ако се присутни 61 пратеник во салата, а овде нема 61.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе Ве молам, господа да се преброиме да видиме дали има 61 пратеник во салата.

Молам, службите нека ги пребројат пратениците.

Се нека биде легално, дали сме 61 во салата.

Ако не сме 61 пратеник во салата, тогаш ќе ја прекинам седницата.

(Се врши пребројување на пратениците).

56 пратеници се присутни во салата.

Жалам, седницата ја прекинувам.

Ви пожелувам добар одмор.

Оваа седница ќе ја продолжиме на есен.

(Седницата заврши со работа во 14,40 часот).